С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 05 година XLIV

07 април 2010

57.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Буџетски календар на Општина Велес за 2011 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Буџетски календар на Општина Велес за 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.03.2010 година.

Број 08-1619/1
07.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Буџетски календар за 2011 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Буџетскиот календар за 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1560/2
01.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ' бр.61/04;96/04;67/07;156/09), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2010 година, донесе

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР

Можен датум	**Буџетски активности**	**Одговорност**
декември/ март	Советот на Општината го донесува буџетскиот календар	Закон за финансирање на ЕЛС, (Сл.весник бр.61/04; 96/04,67/07,156/09) член 27, став 4 и 5)
април	Министерот за финансии доставува до Владата на РМ фискална стратегија на РМ за наредните три години	Закон за буџетите (Сл.весник бр.64/05;04/08; 103/08 член 16)
април	Советот на Општината ја разгледува и усвојува фискалната стратегија на Општината	Одделение за финансии, буџет и администрирање со даноци и имот и Одделението за локален економски развој
април-мај	Градоначалникот подготвува препораки за подготовка на финансиски планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет	Градоначалник Одделение за финансирање,буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
мај -јуни	Општинските буџетски корисници ги доставуваат нивните финансиски планови заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции	Буџетски корисници
јули -август	Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот ги анализира барањата од буџетските корисници и го известува Градоначалникот за основните параметри (зголемени или намалени барања)	Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
септември	Министерот за финансии го доставува буџетскиот циркулар до општините (најдоцна до 30.09.)	Закон за буџетите (Сл.весник бр.64/05;04/08; 103/08 член 21) Закон за финансирање на ЕЛС(Сл.весник бр.61/04;67/07,156/09 член 27, став 1 и 2)
октомври	Градоначалникот и Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредниците на буџетот за наредната година	Градоначалник, Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот

октомври	Буџетските информации се доставуваат до Оделенијата во Општината, заедно со упатствата за основните насоки и препораки од Градоначалникот	Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
октомври	Проценките на трошоците за наредната буџетска година се враќаат во Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот од останатите одделенија и сектори	Раководители на сектори Раководители на одделенија
октомври	**а**. Се собираат буџетските барања **б**. Барањата се анализираат,усогласуваат и поднесувааат до Градоначалникот **в**. Се изготвува билансот на приходи **г.** Се изготвува билансот на расходи	Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
октомври	Градоначалникот на општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година	Градоначалник, Раководители на сектори, Раководители на одделенија
октомври - ноември	Советот на општината го одобрува предлогот на планот на програмите за развој најдоцна до 15 ноември во тековната година. Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлогот на буџетот на општината	Совет на Општина
ноември - декември	Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот	Градоначалник
декември	Се доставува Предлог-буџет од страна на Градоначалникот	Градоначалник
декември	Се води расправа во телата на Советот на Општината	Комисија за финансирање и буџет
крај на декември	Советот на Општината го усвојува буџетот за наредната година (најдоцна до 31 декември)	Совет на Општина
јануари	Започнува новата буџетска година	

Број 07-1560/2
01.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

58.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка

Се објавува Одлуката за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2010 година.

Број 08-1619/2
07.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 7 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 36 од Статутот на Општина Велес,

Советот на Општината Велес, на седницата оддржана на 31.03.2010 година, донесе:

О Д Л У К А
за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка

Член 1

Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, утврден од Советот на Општина Лозово број бр. 0701-397/1, 0701-398/1 и 0701-400/1, од 22.03.2010 година, поднесен од Советот на Општина Лозово, за користење на услуги од Одделенијата: за внатрешна ревизија, инспекциски надзор и од Советник-Одговорен сметководител меѓу Општина Лозово и Општина Велес.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1560/3
01.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

59.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2010 година.

Број 08-1619/3
07.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата

од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички План	Подносител на иницијатива	
1	25	КП 1085, КО Велес	ГУП за град Велес одлука бр. 0701-2035/2 од 30.05.2006	Соња Гладе	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка урбанистичка документација.

Со урбанистичка документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-1560/4
01.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

60.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2010 година.

Број 08-1619/4
07.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички План	Подносител на иницијатива	
1	26	КП 6948, КО Велес	ДУП дел од МЗ Алексо Демниевски и дел од МЗ Васа Кошулчева одлука бр. 0701-681 од 10.07.2000	Анкица Марковиќ	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка урбанистичка документација.

Со урбанистичка документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-1560/5
01.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

61.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2010 година.

Број 08-1619/5
07.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	27	КП 9148, КО Велес	ГУП за град Велес одлука бр. 0701-2035/2 од 30.05.2006	Звонимир Јованов	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка урбанистичка документација.

Со урбанистичка документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1560/6
01.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

62.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за работата на Комисијата за разгледување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација

Се објавува Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за работата на Комисијата за разгледување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.03.2010 година.

Број 08-1619/6
07.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 45, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на висина на надоместок на членови на Комисијата за разгледување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот на членовите на Комисијата за разгледување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација формирана од Градоначалникот на Општина Велес, кои не се вработени во општинската администрација.

Член 2

Членовите на комисијата од член 1 од оваа Одлука имаат право на надоместок за извршување на задачите од својата надлежност утврдени со Закон и друг акт.

За учество на работата на комисијата ке се исплаќа и тоа:

-за давање предлог за одобрување на локално урбанистичко планска документација 1000,оо денари

-за давање мислење на нацрт урбанистички планови 2000,оо денари

Член 3

Надоместокот ќе биде исплатен по прифаќањето на предлогот за одобрување на локално урбанистичка планска документација од страна на Градоначалникот, односно по утврдување на Нацрт урбанистичките планови од страна на Советот.

Средствата за надометок ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Велес

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1560/7
01.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

63.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010

Се објавува Заклучокот за донесување

на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.03.2010 година.

Број 08-1619/7
07.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1560/8
01.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02), и член 45 став 1од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес” бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2010 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година (“Службен гласник на општина Велес” бр.) се врши измена:

1.2. во глава IV. - ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ :

во табелата Приходи се следните измени,

-точка 1 Средства од продажба на градежно земјиште износот од 21.000.000 се зголемува на 28.000.000 денари

-точка 2 Средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште од корисниците на земјиштето за изградба на објекти износот од 18.517.400 се зголемува на 25.967.400 денари

-точка 8 Тековни трансвери од други нивоа на власта износот од 6.000.000 денари се зголемува на 14.200.000 денари

И вкупниот износ на ставката Приходи од 120.884.000 се зголемува на 145.534.000 денари

во табелата Расходи,

-програма Ј Комунални дејности износот 93.100.000,оо ден. се брише и се заменува со 115.750.000,оо ден.

-потпрограма ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување износот 3.700.000,оо ден. се брише и се заменува со 8,250.000,оо ден.

.... после точка 3 се додава нова точка 4 Реконструкција на систем за водоснабдување на с.Раштани со износ од 2,200,000 ,оо денари

....се додава нова точка 5 Изведба на систем за водоснабдување во с.Сливник со износ од 2,350,000 ,оо денари

-потпрограма ЈИ0 Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води износот 2,400.000,оо ден. се брише и се заменува со 9,200.000,оо ден.

После точка 2 се додава нова точка 3. Изградба на фекална канализација со пречистителна станица за с. Г. Оризари зона 3 со износ 6,000.000,оо ден.

После точка 3 се додава нова точка 4. Изградба на крак за фекална канализација во с. Г. Оризари зона 3 со износ 800.000,оо ден.

- потпрограма ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици износот 26,580.000,оо ден. се брише и се заменува со 31,880.000,оо ден.

.... после точка 41 се додава нова точка 42 Потпорен ѕид со проширување на спој на ул.Димитар Влахов со Орце Шутев во износ од 500,000,оо денари.

.... се додава нова точка 43 Изведба на кружни токови во износ од 4,000,000,оо денари
.... се додава нова точка 44 Интервентно санирање на нестабилни карпести блокови од страна на граѓаните во износ од 800,000,оо денари

-потпрограма ЈЛ0 Други комунални услуги (капитални расходи) износот 4,900.000,оо ден. се брише и се заменува со 10,900.000,оо ден.
.... после точка 8 се додава нова точка 9 Пешачки мост железен мост / колски сообраќај/ во износ од 6.000,000,оо денари.

во глава V. – ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА :

во став 8 ; во табеларниот приказ, точка 2 , алинеа 2 се менува и гласи :
"изградба на горен строј 26,25%"
во став 8 ; во табеларниот приказ, точка 2 , после алинеа 2 се додава алинеа 3 и гласи :
"изградба на долен строј 11,25%"

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1560/8
01.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

64.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.03.2010 година.

Број 08-1619/8
07.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1560/9
01.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02), и член 45 став 1од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес” бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.03.2010 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади се вршат следните измени во табеларниот преглед:

Во глава IV Поддршка на спортот во градот после реден број 3 се додава нова ставка:

· -„ред. бр.4 Надоместок на трошоци за реализиран тениски Davis cup натпревар“, во колона „Носител” се впишува „ЈПССО Парк-спорт“ Велес“, во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ се впишува износот „280.157“ и во колона „Вкупно“ се впишува „280.157“..

-Во позиција „Вкупно“ на глава IV „Поддршка на спортот во градот“ во колона „Предвидени средства-Општина Велес“ износот „2.300.000“ се заменува со „2.580.157“ и во колоната „Вкупно“ износот „2.300.000“ се заменува со „2.580.157“.

Во глава V Инвестиции

- Во позиција „ред. бр.7 „Одржување на тениски игралишта" во колона „Предвидени средства Општина Велес" износот „300.000" се заменува со „19.847"и во колона „вкупно"износот „300.000" се заменува со „19.847".

- во позиција „вкупно" во глава V Инвестиции, во колоната „Предвидени средства Општина Велес" износот „1.790.000" се заменува со „1.509.843"и во колона вкупно износот „1.790.000" се заменува со „1.509.843".

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1560/9
01.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

57	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Буџетски календар на Општина Велес за 2011 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Буџетски календар за 2011 година**	**99**
58	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка** **О Д Л У К А за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка**	**102**
59	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документациина територијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес**	**102**
60	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес**	**103**
61	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документациина територијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес**	**405**
62	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за работата на Комисијата за разгледување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација** **О Д Л У К А за утврдување на висина на надоместок на членови на Комисијата за разгледување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација**	**106**
63	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010**	**106**

Бр на акт		Страница
	З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година	
	П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година	
64	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година**	**108**
	З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година	
	ПРОГРАМА за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00